**ЧЕТВРТА КОНФЕРЕНЦИЈА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ „ИНОВАТИВНО УЧИЛИШТЕ ОТСКОЧНА ШТИЦА“ 2018**

Во периодот од 13.05.2018 до 18.05.2018 година, во Љубљана, Словенија на Одсекот за преработка на дрво при Биотехничкиот факултет во Љубљана, се одржа конференција како дел од меѓународниот проект „Иновативно училиште отскочна штица“ на која учествуваа 28 колеги од Универзитети од 6 земји, Швајцарија, Србија, Босна и Херцеговина, Русија, Словенија и Македонија. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје го претставуваа: Деа Беатовиќ, Ана Маљановска, Емилија Ѓорѓиоска од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје и Благој Шурбевски од Шумарски факултет – Скопје. Колегите успешно ги претставија своите трудови во сесиите кои се одвиваа во два дена. Темите кои беа обработувани на оваа конференција беа од областа на дизајнот на мебел и ентериер, градежништво, шумарство, дрвна индустрија, екологија, економика и сл.



Покрај работниот дел, љубезните домаќини, организираа посета на изложбата на производи од дрво под наслов „Убавината на дрвото“ која се одржа во центарот Цанкарјев дом, како и посета на градот Копер, каде учесниците имаа прилика да го посетат пристаништето Копер (прогласено за најеколошко пристаниште во Европа). Во следниот период ќе се одржат два практични проекти во Санкт Петерсбург, Русија и Белград, Србија.

Проектот е целосно финансиран од невладината организација Mercator од Швајцарија.